Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИТЕ, ПРОЦЕСИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Министерот, заменик министерот и државниот секретар на Министерството за информатичко општество и администрација, вработените на раководни звања и сите вработени во Министерството за информатичко општество и администрација, со цел реализација на услугите по мерка на барателите, ефективно раководење, развој на партнерство, соработка и учество на вработените, континуирано подобрување на процесите и нивните резултати, континуирано усовршување и иновирање, општествена одговорност и отчетност, фокусирање на конкретни резултати се обврзуваат да работат:

- **законски, самостојно, политички неутрално, непристрасно, одговорно, отворено и етички** со што ќе обезбедат урамнотежено, одржливо и кориснички прифатливо обезбедување на услугите за барателите;
- **современо и според европските стандарди и критериуми,** при обезбедување услуги на секој граѓанин, деловен субјект, граѓански сектор, други партнерски институции во земјата и/или надвор од неа;
- **во партнерство** со законодавната и судската власт на усогласен, ефикасен и ефективен начин;
- **фокусирано на целите и резултатите од нашата работа** со примена на меѓународно прифатени стандарди за управување и подобрување на сите работни процеси;
- **успешно и економски оправдано,** “домаќинско“ користејќи ги расположливите средства и ресурси;
- **модерно,** применувајќи и охрабрувајќи ги другите да користат современи информациски и комуникациски технологии, услуги на е-влада, методологии за управување на проекти и релевантни стандарди на работење;
- **поттикнувачки за вработените** на Министерството за информатичко општество и администрација, со планско и системско обезбедување на нивна мотивација, личен развој, компетентност, исполнетост и задоволство од работата во МИОА.

Скопје, 20.07.2011

м-р Иво Ивановски,
Министер